ПОЛИТИКА

ДАЛИ СО СМРТТА НА СРПСКИОТ ВОЖД ЗАВРШИ И НЕГОВАТА ЕРА?

БАЛКАНОТ ПРЕД Н ПОЛИТИЧКИ ПРЕДИ

Пишува:
Магдалена АНДОНОВСКА

На големо изненадување на целата меѓународна јавност ненадејно почина српскиот такаНаречен вожд Слободан Милошевиќ. Име кое најчесто беше спомнувано во изминативе петнаесет години, како едно од оние кое имаше можност да ја креира балканската политика, во која неговата земја Србија, некогашна Југославија, имаше неспорно најголемо влијание. Балканската одисеја од раните деведесетти години, која подоцна прерасна во класична касапница, што комплетно го промени целосниот изглед на југословенската федерација, почнува токму со името Слободан Милошевиќ, кое со години, речиси сè до неговата смрт, ќе биде најспомнуваното име во вокабуларот на меѓународните политичари.

За неговата непредвидливост, остроумност, прагматичност, практичност, лажливост, манипулативност..., говореа многубројни меѓународни фактори, кои во тоа време се трудеа да најдат мирно решение за големата криза, што го зафати овој регион по распаѓањето на СФРЈ. Но, и денес, по неговата смрт не може да се најде целосна дефиниција за личноста со многу личности во себе - Слободан Милошевиќ. Тој и натаму ќе остане најконтроверзната личност од новата балканска политика, која со себе ќе однесе многу тајни, за тоа што всушност (не) направи за неговата земја, за која велеше дека е подготвен на сè.

Во меѓувреме, ќе си спомнуваме за многуте политички промашувања, кои Гебелски умееше на народот да му ги претстави како исклучителна победа на Србите, постојано повторувајќи: "Ние Србите сме напатен народ". Токму оваа фраза и беше основата со која тој го натера својот сопствен народ да војува на три фронта. Во Хрватска, Босна и на крај во историското за Србите - Косово, кое всушност беше и последната капка во морето од трпеливост на светот, на кој тој му пркосеше. Од миленик на меѓународната заедница по потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор, и исклучителен партнер на Соединетите Американски Држави, во новото рекомпонирање на балканскиот регион, во 1999 година да стане "балкански крвник", кој на свои плеќи го навлече гневот на цел свет.

ЌЕ ИМА ЛИ НОВО ЧИТАЊЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ГРАНИЦИ?

СЛОБОДАН МИЛОШЕВИЌ НЕ ГО ДОЧЕКА СУДЕЊЕТО ВО ХАГ

Точката на топење ќе ја почувствува од она место од кое и стана голем лидер и заштитник на својот народ. Од историското Косово, кое со воена интервенција одлучи да го брани од целата меѓународна заедница, која неговата земја ја бомбардираше со седмици. Остана цврст на ставот дека Косово е дел од Србија, дури и во моментите кога половина од неговата земја, заедно со речиси сите индустриски капацитети, деноноќно беа уништувани од безбројните бомби и гранати. Звукот на воените бомбардери го толкуваше како шепот, а под урнатините на она што некогаш беше Белград, без трошка сомневање изјави дека Србија го победила НАТО.

И токму тоа Косово го однесе таму каде што и почина. Во темните соби на затворот "Шевенинген" во Хаг, каде ве-

ќе пет години, сам се обидуваше да ја докаже својата невиност, за која цел свет имаше поинаква вистина од неговата. Речиси на самиот крај од петгодишното исцрпно сослушување на милион сведоци од едната или од другата страна, односно на самиот крај од донесувањето на пресудата за него, за која се шпекулираше дека ќе биде осуда од најмалку 40 години робија, тој одлучи да ја напушти судницата, оставајќи отворени милион прашања.

Пред сè, за тајните на воената валкана дипломатија во која (не)сакајќи се вовлече. Не стигна искрено да одговори за тоа што му се случи на Балканот, додека тој беше во негови раце? Или, пак, да напише мемоари, во кои ќе можевме да прочитаме дали успеа да ја исполни сопствената агенда или, пак, кришум исполнуваше туѓи агенди, како и повеќето балкански политичари, и одеднаш одлучи да ја заврти воденицата во спротивна насока, а со тоа предизвика поплава!?

ЗАМИНА СРПСКИОТ ВОЖД

ОВИ ТУРБУЛЕНТНИ ЗВИЦИ

Сепак, едно од најважните прашања, кое и натаму ќе остане да лебди во воздухот, е дали Слободан Милошевиќ беше херој или балкански крвник, кој го разора регионот за да докаже дека целата моќ беше во негови раце?

ЌЕ УСПЕЕ ЛИ ДЕМОКРАТИЈАТА ДА СЕ НАМЕТНЕ НАД РАДИКАЛИЗМОТ?

Дефинитивно, Слободан Милошевиќ останува да биде енигма на балканската политичка сцена, кој многу пати во изминативе петнаесет години умееше целосно да се носи со светските лидери, покажувајќи им ја дрскоста на балканскиот менталитет. Резултатите од неговите одлуки и натаму кај многумина Срби, Бошњаци и Хрвати, ќе предизвикуваат восхит или, пак, гадење, чии последици се чувствуваат и денес во семејствата на многу мајки. Не можат да се заборават чекорите за погазување на сопствениот народ, кој во даден момент одлучи да размислува поинаку од него. Токму затоа пренесувањето во неговата крајна дестинација - Шевенинген, всушност требаше да претставува крај за лошото менаџирање на др-

Новонастанатата ситуација во Србија за радикалните струи, предводени од партијата на Воислав Шешељ, практично е како измислена за нив, а таа неспорно ќе ја зголеми нивната популарност, но значајно ќе ја намали демократијата, што може да доведе до тоа оваа земја да се врати назад неколку години или, пак, да се претвори во црна дупка на Балканот. Преземањето на државата од страна на радикалните струи и политички партии, што би можело да се случи на наредните парламентарни избори, или уште поизвесно на вонредните, може значајно да ја промени политичката клима во регионот, и да донесе нова нестабилност, од која и Република Македонија би имала негативни последици.

МИЛОШЕВИЌ ПОЧИНАЛ ОД СРЦЕВ УДАР

Обдукцијата на телото на поранешниот југословенски и српски претседател, Слободан Милошевиќ, утврдила дека тој починал од срцев удар. Според патолозите, причина за смртта на Милошевиќ е инфаркт на миокардот. Како што наведуваат од Холандскиот институт, каде е направена обдукцијата на телото, тој имал две срцеви заболувања, поради што и се случил инфарктот.

Сепак, по повод смртта на Милошевиќ се води двојна истрага: интерна, наредена од претседателот на Судот, и втората, која ја извршуваат холандските власти, како резултат на писмото кое тој го испратил до шефот на руската дипломатија, Сергеј Лавров, а во кое бара помош, тврдејќи дека некој во затворот се обидува да го отруе со лекови за лепра.

ПОЛИТИКА

жавата од негова страна, но и ставање крај на една политика која Србија ја однесе во амбис, од кој по 1999 година постојано се обидува да излезе. Но, дали со смртта на Слободан Милошевиќ завршува и неговата ера?

Доколку се суди според првичните изјави, дадени по објавувањето за смртта на Милошевиќ, на дел од политичарите во Србија, мала е веројатноста дека во оваа земја може да надвладее демократијата. Инсталациите кои тој ги остави во неговата земја се чини дека, за жал, се доволно големи за да продолжат со политиката, таму каде што тој застанал. Поаѓајќи од третирањето на Хашкиот трибунал како Суд, кој Милошевиќ до крај одлучи да го прогласува за ненадлежен, потенцирајќи дека тој е политички, кој има цел да ги уапси сите српски херои. Неговата смрт поради несоодветната лекарска заштита од страна на хашките лекари, односно нивното неангажирање за подобрување на здравствената состојба, која подолго време беше нарушена, само ќе ја зголеми антипатичноста на Србите кон овој Суд, што на рака им оди на сите оние политичари кои постојано повторуваат дека Србија не смее да соработува со Хашкиот трибунал.

Новонастанатата ситуација, за радикалните струи во оваа земја, предводени од партијата на Воислав Шешељ, практично е како измислена за нив, а таа неспорно ќе ја зголеми нивната популарност, но значајно ќе ја намали демократијата, што може да доведе до тоа Србија да се врати назад неколку години или, пак, да се претвори во црна дупка на Балканот. Преземањето на државата од страна на радикалните струи и политички партии, што би можело да се случи на наредните парламентарни избори, или уште поизвесно на вонредните кои, пак, би се случиле како резултат на смртта на Милошевиќ, и обвинувањата адресирани до оваа власт дека е виновна за тоа што се случи со некогашниот српски претседател, може значајно да ја промени политичката клима во регионот, и да донесе нова нестабилност, од која и Република Македонија би имала негативни последици.

ДОГОВОРОТ КОЈ ТРЕБАШЕ ДА ДОНЕСЕ МИР

сè, поради тоа што го завршува животот пред да биде донесена осудата за него, но и поради начинот на кој почина. Развојот на евентуалното херојство, може на голема врата да го врати национализмот во оваа држава, што сериозно ќе го промени текот на преговорите за статусот на Косово, имајќи предвид што за премиер на оваа Покраина е избран Агим Чеку, кој во Србија се наоѓа на листата на злосторници.

Токму затоа меѓународната заедница се наоѓа во позиција будно да го следи развојот на настаните во оваа земја, бидејќи е свесна дека уште една "балканска политичка бомба" нема да може да спречи, иако точно знае дека во државата најголем рејтинг има партијата на Воислав Шешељ, кој по смртта на Милошевиќ може значително да се зголемува, се разбира, заедно со оној на Социјалистичката партија на Милошевиќ.

Тоа би било проблем за демократијата во Србија, која очигледно нема да може да се наметне над радикализмот, проблем поради кој ќе трпат граѓаните на оваа земја. Но, вистинскиот проблем, барем оној кој би се однесувал на нас, би произлегол од прашањето:

Што доколку радикализмот излезе од границите на Србија и директно влета во преговорите за Косово?

Со оглед на тоа дека Република Македонија, по прашањето на Косово, и натаму сака да остане настрана, без при тоа на било кој начин да покаже дека има некаков став, експанзијата на радикализмот би можела да биде погубна за нашава земја од повеќе причини. Пред сè, поради фактот што нашата држава по дифолт не е подготвена за некое евентуално воено сценарио, но истовремено не е и подготвена ниту политички да може да ги износи сите дискусии, кои би се одвивале на релација Белград-Скопје-Приштина.

Но, тука не е само Косово. Смртта на Милошевиќ може да направи и тектонски нарушувања во целиот Балкан, каде клучна коска во грлото на меѓународната заедница е Босна и Херцеговина, поточно Република Српска, која и натаму опстојува како држава во држава, без извесен статус. Евентуалното редефинирање или прекројување на просторот на поранешна СФРЈ не може да ја одмине "Српска", каде Милошевиќ, како политичар, имаше најголем рејтинг, и каде во моментов е забележана најголема потресеност меѓу населението поради неговата смрт. Токму затоа меѓународната заедница мора брзо да дејствува, бидејќи секое одолговлекување може да донесе сериозна дестабилизација на и онака кревкиот Балкан.

СЛОБО ПИЕЛ ЛЕКОВИ КОИ НЕ МУ БИЛЕ ПРЕПИШАНИ!?

Поранешниот југословенски претседател Слободан Милошевиќ се напил лек, кој не му бил препишан, а со кој бил неутрализиран ефектот на лекувањето на високиот крвен притисок, соопшти холандскиот токсиколог Роналд Угес, додавајќи дека Милошевиќ лекот го земал своеволно.

Според Угес, Милошевиќ земал лекарство кое содржи рифампицин, кој го неутрализира ефектот на лекувањето на високиот крвен притисок, бидејќи сакал да добие дозвола од Трибуналот да оди да се лекува во Москва.

НОВА НЕИЗВЕСНОСТ ЗА "ИЗВЕСНОТО" РЕШЕНИЕ ЗА КОСОВО!

Смртта на контроверзниот Милошевиќ дефинитивно доаѓа во незгоден момент. Неговото заминување од политичката сцена, и тоа пред самиот крај од донесувањето на пресудата во Хаг, може да направи целосно рекомпонирање на политиката во оваа земја, и истовремено од него да направи херој. Пред